До Основниот јавен обвинител
- Скопје

**КРИВИЧНА ПРИЈАВА**

Против:
1.Мирољуб Шукарев-поранешен директор на Агенција за приватизација на Р.М
2.Наков Штерион-Генерален директор на Фершпед А.Д -Скопје
3.Кираца Трајковска -Заменик на директорот на Фершпед А.Д ЂСкопје
Заради сторени кривични дела по член 353 , а во врска со член___од Кривичниот закон
( Злоупотреба на службената должност и овластување)

Првопријавениот Мирољуб Шукарев, во својство на директор на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со опШтествен капитал, во текот на 1995 година ја искористил својата службена положба на начин Што им овозможил на 16 лица кои го преземаат управувањето со претпријатието "ФерШпед" АД - Скопје, спротивно на законските прописи, да се стекнат со право на управување и водење на работите на претпријатието, како и неосновано да се стекнат со 37,38 % (6771 акции - со вкупна номинална вредност од _4.062.00,00ЕУР) од проценетата вредност на капиталот на претпријатието, од кои прибавиле материјална корист - дивиденда во вкупен износ од ________ ЕУР, односно _______ Денари.

Второпријавениот штерјо Наков и третопријавената Кираца Трајковска, го поттикнале првопријавениот шукарев да ги преземе горенаведените дејствија, иако знаеле дека се во спротивност со законските прописи, а со цел да им се овозможи за себе и за другите лица да стекнат право на управување и водење на работите на претпријатието, како и неосновано да се стекнат со 37,38 % од проценетата вредност на капиталот на претпријатието, од кои прибавиле дивиденда во горенаведениот износ.

Првопријавениот Мирољуб шукарев, како директор на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со опШтествен капитал според член____ од Статутот на Агенцијата, бил должен да се грижи за законитоста на работењето на Агенцијата, која согласно член 89 од ЗТПОК врШи контрола на трансформацијата на претпријатијата. МеЃутоа, спротивно на своите законски утврдени обврски и одговорности, првопријавениот шукарев овозможил да се реализира постапката за трансформацијата на "ФерШпед" АД Скопје, со прифаЌањето на моделот продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето, иако согласно својата функција и надлежност знаел дека наведениот модел на приватизација во конкретниот случај не можел да се примени и спроведе, од причини Што не биле исполнети законски предвидените услови.

Имено, на 19.04.1995 година, првопријавениот Шукарев со второпријавениот Наков , го склучиле Договорот за продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и водењето на работите на претпријатието број 1813, во кој, во член 6 е прикажано дека купувачите откупиле 13,99% од вкупниот број на акции на претпријатието.

244, став 2 од Законот за облигациони односи, член 1, став 3 од Законот за опШтествен капитал (Службен лист на СФРЈ бр. 84/89 и бр. 46/90), член 10, став 1 од Закон за хартии од вредност, Службен лист на СФРЈ број 64/89 и 29/90 и член 6, став 1 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.5/93).

Наведените преземени дејства се во спротивност и со обврските на Агенцијата кои произлегуваат од член 5 од Правилникот за водење на евиденција на одобрени попусти, удели во постапката за трансформација на претпријатијата со опШтествен капитал (Службен весник на СФРЈ бр. ----/94), како и со обврските кои произлегуваат од Упатството за начинот за остварување на одлуките за трансформација на претпријатијата со општествен капитал по модели за трансформација (ИВ/21,22 и 23) и Образец бр. 5 за начинот на водење на акционерските книги и другите законски прописи.

Исто така, првопријавениот шукарев, овозможил да се реализира моделот на приватизација (Продажба на претпријатието на лицата кои го преземаат управувањето) спротивно на член 62, став 4 и член 64, став 5 од ЗТПОК, иако ФерШпед АД Скопје претходно бил приватизиран над 51%, те, не постоел најмалку 51% општествен капитал за откуп, од страна на менаџерите, како и фактот Што 16-те менаџери не го дале под хипотека својот имот.

Првопријавениот шукарев не изврШил контрола на законитоста на донесувањето на одлуките и актите, неопходно потребни за реализација на постапката и моделот на приватизација.

-Не утврдил дека спрема содржината во преамбулата на Договорот за основање на ЖТП - ДОО За меЃународна и надворешна Шпедиција со јавни и царински складиШта "ФерШпед" Скопје (ЖТП Фершпед ДОО Скопје) бр. 3703/2 од 15.12.1989 година, произлегува дека се основа претпријатие во меШовита сопственост, во форма на друШтво со ограничена одговорност, по член 81, 82 и 104 од Законот за претпријатија, па следствено на тоа, согласно член 1 на ЗОК, а вв со член 2, 6 и 81 од Законот за претпријатија, ЖТП ФерШпед ДОО Скопје, како претпријатие во меШовита сопственост, не можело по основ на опШтествен капитал да прибавува дополнителен капитал со издавање на акции, бидејЌи, согласно член 1, став 1 од ЗОК, тоа можат да го прават само претпријатија во опШтествена сопственост.

-Не утврдил дека ЖТП Фершпед ДОО Скопје не можело да се трансформира со примена на ЗОК, затоа Што по член 7а, став 2, точка 2 од истиот, како општествен капитал не се подразбираат средствата што други правни лица ги здружиле, вложиле или пренеле во претпријатието, а што не им се вратени. Во конкретниот случај, Друштвото е основано со средства од ЖТП (како друго правно лице), видно од член 6,7,8,16,17 и 31 од Договорот за основање број 3703/2 од 15.12.1989 година, а кое е внесено во Прилог 2 во судската регистрација (Срег.бр.1944/89 од 29.12.1989 година). Истото е утврдено и во ИзвеШтајот на Управата за јавни приходи бр. 438 од 24.05.1994 година, и тоа во заклучокот, под точка 1, како и во Преглед бр. 1 кој е прилог кон истиот ИзвеШтај (кој се однесува на утврдувањето на опШтествениот капитал).

--Не утврдил по која законска основа основачкиот влог (уделот) на ЖТП - Јавното претпријатие (определен со Договорот за основање и впишан во судскиот регистар како и во Прегледот на недви2ен имот-објекти на АД ФерШпед Скопје е пренесен на акционерите, Што е неопходно потребно согласно член 104 и 107 од ЗП, а вв со член 108 од ЗП.

-Не утврдил дека Одлуката број 33 за организирање на АД "ФерШпед" и Одлуката број 34 за издавање интерни акции , не се донесени од надлежниот орган согласно член 1а, став 4 и 5 од ЗОК, вв со член 123 од ЗП, како и член 40 од

Додека пак, третопријавената Кираца Трајковска, свесна за неопходноста за исполнување на законските услови, пред Агенцијата се легитимирала со Акционерска книга од 15.03.1995 година, во која лажно е прикажано дека лицата кои го преземаат управувањето во претпријатието откупиле 13,99% од проценетата вредност на претпријатието. Третопријавената Трајковска, без знаење и согласност од 45 акционери, за менаџерскиот тим присвоила 895 акции, со цел пред Агенцијата да прикажат дека менаџерскиот тим ги исполнува законските услови. Од страна на второпријавениот Наков, наместо 50 акции, неосновано се присвоени 1292 акции, со вкупна номинална вредност од______ ЕУР, како и дивиденда од акциите во износ од______ден. а третопријавената Трајковска, наместо 41 акции, неосновано се присвоени 1292 акции, со вкупна номинална вредност од______ ЕУР, како и дивиденда од акциите во износ од______ден.